# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „СКРИПТА ПО МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО” ОД ДОЦЕНТ Д-Р ДЕЈАН МАРОЛОВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-113/43 од 164. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 29.8.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Јован Ананиев – редовен професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
- доц. д-р Ана Никодиновска-Крстевска – доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**СКРИПТА ПО МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО**” од авторот доцент д-р Дејан Маролов, наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот **„СКРИПТА ПО МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО**“ е од областа на меѓународното јавно право и е составен од единаесет глави во кои се содржани соодветни тематски единици. Основниот текст на скриптата содржи поглавја коишто во целост кореспондираат со Наставниот план и програма на Правниот факултет на насоките на кои се изучува предметот Меѓународно јавно право. Предметот Меѓународно јавно право за којштo е наменета скриптата се слуша на сите насоки во втора година, во трет семестар на Правниот факултет, со неделен фонд од 2+2+1, со 6 кредити.

**Податоци за обемот на ракописот:** Скриптата се состои од 102 страници лекториран текст, пишуван во Arial, големина 11, без проред. Скриптата има 35 фусноти, како и 40 библиографски единици вклучително и прашања како прилог кон главниот текст.

Текстот според обемот, како и според содржина, ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Скрипта по предметот Меѓународно јавно право е објавена во 2013 год. на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип од истиот автор. Оваа скрипта е веќе застарена и се наметна потреба од нова скрипта, проширена и надградена согласно со Наставната програма.

**Краток опис на содржината:** Во првиот дел од скриптата авторот дава *воведни забелешки* и го обработува поимот меѓународното јавно право. Воедно, авторот прави и краток осврт на историскиот развој и предмет на изучување на меѓународното јавно право, создавајќи претстава за основите и делокругот на работи коишто се предмет на негово изучување. Во овој дел се посветува соодветно внимание и на односот на меѓународното право со внатрешното право, преку што реално се детерминира и предметот на изучување на оваа правна дисциплина. Авторот не пропушта да го третира и меѓународниот систем како специфична средина, односно амбиент во кој функционира и се практикува меѓународното јавно право.

Во вториот дел од скриптата, авторот пристапува кон разработување на *изворит*е на меѓународното јавно право, вклучувајќи ја и нивната *кодификација*. На тој начин, обработувајќи ги изворите авторот ја обработува и *нивната хиерархиска поставеност*.

Третиот дел од скриптата се однесува на *државата како субјект на меѓународното јавно право*. Во овој дел посебно се елаборира државата како еден од основните субјекти на меѓународното право. Се обработуваат белезите на државата, основните права и обврски, теориите за признавање на држави и влади, видовите држави, а во овој контекст се наведуваат и определени специфични случаи. Воедно се обработуваат и органите надлежни за водење на меѓународните односи.

Во четвртиот дел од скриптата вниманието е насочено кон обработка на *меѓународните организации како субјекти на меѓународното право* преку дефинирање на основните поими и објаснување на нивните видови. Во таа смисла, посебно внимание се посветува на Организацијата на Обединети нации и Лигата на народите како нејзин претходник. Повелбата на Обединетите нации и нејзините органите се соодветно елаборирани.

Во петтата глава предмет на обработка е *индивидуата како субјект на меѓународното право* преку обработка на, пред сè, човековите права, како од теоретски така и од правен аспект преку анализа на основните правни документи за заштита на човековите права во системот на ОН, но и регионалните меѓународно правни рамки за заштита на човековите права. На крајот од оваа глава се разработуваат и правата на малцинствата како дел од корпусот на човекови права.

Шестата глава од скриптата ја обработува областа на *меѓународното договорно право*. Поточно, авторот ги обработува меѓународните договори, нивната форма, фази на склучување, важност, ништовност и начелото *pacta sunt servanda*.

Во седмиот дел се елаборираат *дипломатското и конзуларното право* како дел од меѓународното право. Во таа смисла, авторот конкретно го објаснува поимот „дипломатија“, начинот на функционирање, целите на дипломатските и конзуларните мисии, како и постапката за поставување и разрешување на дипломатските и конзуларните службеници. Како нераскинлив дел од оваа проблематика авторот ги третира и привилегиите и имунитетите кои ги уживаат дипломатските мисии како специфични форми на претставување и нивните службеници.

Во осмата глава предмет на проучување е *меѓународното право на морето* како дел од меѓународното право, вклучувајќи го и меѓународно правниот статус на меѓународните езера, реки, протоци и морски канали. Воедно, во овој дел е сместена и обработката на *други области на меѓународното право* како државната територија, нејзиното стекнување и трансфер, меѓународната службеност, сукцесија на државите и правниот режим на поларните области и вселената.

Во деветтата глава од оваа скрипта авторот ги обработува формите на *мирно решавање на меѓународните спорови,* особено задржувајќи се на работата и надлежностите на Меѓународниот суд на правдата како судска инстанца и орган на светската организација.

Десеттата глава го третира *меѓународното воено право*, како право кое го надополнува односно заменува важењето на мирнодопското меѓународно право во ситуација кога мирното решавање на меѓународните спорови не е успешно и не наоѓа примена. Подетално, во овој дел се обработуваат jus ad bellum и меѓународното хуманитарно право, а се дефинира и концептот на неутралноста.

Во единаесеттата и последна глава од оваа скрипта, авторот го заокружува материјалот по меѓународно јавно право преку обработка на *меѓународното право за животна средина* како област во меѓународното право од понов датум. Оваа проблематика се обработува како од теоретски така и од правен аспект, вклучувајќи и обработка на значајни судски пресуди од конкретната област.

## ЗАКЛУЧОК

Материјалот анализиран и елабориран во „СКРИПТАТА ПО ПРЕДМЕТОТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО“ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма за предметот Меѓународно јавно право.

Според начинот на елаборирање на материјата ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на скрипта, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Правниот факултет во совладувањето на предметот Меѓународно јавно право.

Авторот успеал на сумарен и прецизен начин да ја презентира материјата што е предмет на изучување на меѓународно јавно право.

Земајќи го сето ова предвид, на мислење сме дека овој материјал ги исполнува сите стандарди на „**СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО**“ предвидена според програмата за студентите во втора година на Правен факултет.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Јован Ананиев, редовен професор, с.р.**
**Д-р Ана Никодиновска-Крстевска, доцент, с.р.**